**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.
тел: 02/ 3 297 204

**Наш број:** __________

____________________
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), а во врска со член 19-а и член 23 став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), а согласно Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на директор бр.08-8857/1 од 05.08.2024 година, Градоначалникот на Град Скопје, распишува

**Ј А В Е Н К О Н К У Р С**
**за избор на директор на Јавното претпријатие**
**„Водовод и канализација“- Скопје**

1.Кандидатот за избор на директор треба да ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да има минимум пет години работно искуство;
- да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

2. Кандидатот за директор покрај доказите за исполнување на горенаведените услови треба да достави и:

- пријава со кратка биографија;
- предлог програма за работа и развој на претпријатието.

3. Потребната документација кандидатот е должен да ја достави во оригинал или копија заверена на нотар.

4. Рокот за поднесување на потребната документација изнесува 10 дена од денот на објавувањето на јавниот конкурс во дневниот печат.

5. Пријавите се доставуваат до Архивата на Град Скопје или по пошта на адреса бул. Илинден бр.82 Скопје, задолжително со назнака - За јавен конкурс за избор на директор на ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје.

6. Директорот се избира со мандат од 4 години.

7. Ненавремената документација нема да биде разгледувана.

**Град Скопје**
**Градоначалник**

______________________

**Данела Арсовска**